Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 291, 17 јануари 2022 година

јануари 2022 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област е-бизнис на Економски Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 12

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ Е-БИЗНИС НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1202-150/7 од 17.12.2021 година донесена на 214. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 17.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област е-бизнис на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– **д-р Сашо Јосимовски,** редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област основи на е-бизнис – претседател;
– **д-р Зоран Јаневски,** редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област претприемништво и е-бизнис – член;
– **д-р Тамара Јованов-Апасиева,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област маркетинг – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 1.12.2021 година, при што во предвидениот рок се пријави само кандидатот доц. д-р Златко Бежовски, вработен на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот доц. д-р Златко Бежовски, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, има чест да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Златко Бежовски е роден на 10 октомври 1977 година во Велес. Основното образование го завршува во ОУ „Григор Прличев“ во Скопје. Првите три години од средното образование ги поминува во Гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје, додека со диплома за завршено средно образование се стекнува во 1996 година во САД во Средното училиште во Линден - Њу Џерси.

Во 1996 година се запишува на додипломски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Економскиот факултет на насоката Менаџмент при што студиите ги завршува во 2000 година со просечна оценка од 8,48. Постдипломски студии запишува на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ги завршува во 2007 година со просечна оценка од 8.50. Магистерскиот труд на тема „Оптимизација на пребарувањето во Република Македонија како можност за некомерцијален трансфер на технологија“ го одбранува на 12.3.2007 г. по што се стекнува со звање магистер по економски науки од областа на претприемништвото.

Кандидатот во летниот семестар во 2010 година остварува студиски престој на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД на Економскиот факултет (School of Business) на департманот за Менаџмент на информациски технологии и системи, каде што ги надградува своите знаења од оваа област.

Своето образование кандидатот го продолжува на Катедрата за е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје, каде што на 12.9.2014 година успешно ја одбранува докторската теза под наслов „Оптимизација на пребарувањето како алатка за интернет бизнисите од Македонија“, со што се стекнува со титула доктор по економски науки.

Од разновидното работно искуство кое кандидатот го остварува по дипломирањето, како најрелевантни ќе го издвоиме изборот на д-р Златко Бежовски за асистент на Економскиот факултет во Штип во 2007 г., а во 2017 г. е избран за доцент на Економски факултет при УГД каде што ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент итн.

Во делот на научноистражувачката работа д-р Златко Бежовски во својата академска кариера објавува бројни научни и стручни трудови, како и други рецензирани и нерецензирани публикации, при што поголемиот дел од неговата научноистражувачка и стручна активност е фокусирана на теми од областа на е-бизнисот.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор**

- Просечен успех: Д-р Златко Бежовски на прв циклус студии, како дипломиран економист, има остварен просечен успех од 8,48, додека на втор циклус студии, како магистер на економски науки, има остварен просечен успех од 8,50.
- Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира: Д-р Златко Бежовски е доктор на економски науки, при што јавно на 12.9.2014 година ја одбранил докторската дисертација од областа на е-бизнисот под наслов „Оптимизација на пребарувањето како алатка за интернет бизнисите од Македонија“ на департманот за Е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје.
- Претходен избор во звање: на 9.6.2017 година д-р Златко Бежовски е избран во звање доцент на Економски факултет при УГД во Штип.
- Објавени научни трудови во референтни научна публикации: Од изборот за доцент (во последните 5 години) кандидатот има објавено 12 меѓународни труда од кои на 5 се јавува како прв автор (сите трудови се достапни во репозиториумот на следниот линк https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Bezovski=3AZlatko=3A=3A.html)

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Години на издавање |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste and Sofijanova, Elenica (2021) | Telecommuting Best Practices Prior and During the COVID-19 Pandemic | Journal of Economics. ISSN 1857-9973 | 6 години |
| **2.** | Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) | The Impact and the Potential Disruption of the Blockchain Technology on Marketing | Journal of Economics, 6 (1). pp. 13-23. ISSN 1857-9973 | 6 години |
| **3.** | Bezovski, Zlatko and Janevski, Zoran and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) | From traditional to online methods for generating business ideas | Management Dynamics in the Knowledge Economy, 9 (3). pp. 307-329. ISSN 2392-8042 | 9 години |
| **4.** | Bezovski, Zlatko and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila (2021) | Current adoption state of cryptocurrencies as an electronic payment method | Management Reseach and Practice, 13 (1). pp. 44-50. ISSN 2067-2462 | 13 години |
| **5.** | Bezovski, Zlatko and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila (2021) | Main Issues for Adoption of Cryptocurrencies as Payment Means | KNOWLEDGE - International Journal (KIJ), 48 (1). pp. 53-58. ISSN 1857-923X | 12 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) | Internet of Things (IOT) and Blockchain technology in supply chain ecosystem | Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787 | 7 години |
| **7.** | Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2021) | Market(ing) testing as a base for minimization of the business risk | Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787 | 7 години |

– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик: Кандидатот доставил потврда за познавање на англиски јазик издадена од Институтот за јазици при УГД.
– Способност за изведување на високообразовна дејност: Академската кариера на кандидатот Бежовски започнува уште во 2007 година со неговиот прв избор како асистент, а продолжува со неговиот втор избор како асистент и изборот за доцент во 2017 година. Како доцент ги предава предметите Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент и Однесување на потрошувачите. Ментор е на 5 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

**Посебни услови**

– Рецензирани скрипта и практикум: Кандидадот во 2020 година издава скрипта и практикум насловени како „Е-бизнис - скрипта“ (ISBN 978-608-244-715-5) и „Е-бизнис - практикум“ (ISBN 978-608-244-716-2) кои се достапни во е-библиотеката на УГД.
– Учество во научноистржувачки проекти: Кандидатот Бежовски учествува во три домашни проекти од кои во два (еден е научноистражувачки) учествува како член, а во третиот, стручно-апликативен проект, е раководител. (Проектите за навадени подолу во евалуацијата)
– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Доц. д-р Бежовски бил ментор на 5 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови. Активно учествува во соработка на проекти и трудови со асистентите вработени на Економскиот факултет при УГД од кои една асистентка е воедно и докторанд на истиот факултет.
– Кандидатот Бежовски го има остварено потребниот број на поени (минимум 75) кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=94,5; (САОР)=34 или вкупно 158,5 поени. (Детали подолу во табелата)

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Златко Бежовски за првпат е избран како асистент на Економскиот факултет во Штип на 7.6.2007 г., додека на 3.6.2010 г. е реизбран во истото звање. На работното место асистент кандидатот држи вежби за предметите: Е-бизнис, Сметководство, Анализа на финансиски извештаи, Управувачко сметководство, Економика на претпријатија и др.

Во 2010 г. во рамки на програмата JFDP финансирана од Американскиот совет кандидатот во летниот семестар заминува на студиски престој на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД на Економскиот факултет (School of Business) на департманот за Менаџмент на информациски технологии и системи, каде што се запознава со тамошните наставни програми и педагошки методи на работа со цел истите да ги примени и во нашата земја.

Како доцент на Економскиот факултет (УГД) – Штип д-р Златко Бежовски е избран на 9.6.2017г. [1] и ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент и Однесување на потрошувачите. Во 2020 г. издава скрипта и практикум по предметот Е-бизнис. Ментор е на 5 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

Од изборот за доцент (во последните 5 години) кандидатот има објавено 12 труда во списанија со меѓународен одбор од кои дел во земјата дел во странство. На 5 од објавените трудови се јавува како прв автор, а на останатите 7 како втор автор во коавторство други професори и соработници.

Дополнително, кандидатот учествува во еден научноистражувачки проект, член е на уредувачки одбор на списанието на факултетот и е повикан да одржи едно предавање на високообразовна институција во странство.

***Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот***

***Референтни трудови во кои д-р Златко Бежовски се јавува како прв автор:***

– **Bezovski, Zlatko** and Temjanovski, Riste and Sofijanova, Elenica (2021) Telecommuting Best Practices Prior and During the COVID-19 Pandemic. Journal of Economics. ISSN 1857-9973 [**2**]

**Евалуација на трудот:** Овој труд ги истражува евидентираните, позитивни и негативни аспекти на работењето од дома (телекомутирање) пред и за време на пандемијата ковид-19 со цел да предложи листа со најдобри практики кои ќе им помогнат на компаниите и на вработените поуспешно да го применуваат ваквиот начин на работа. Седумте најдобри практики за телекомутирање кои произлегуваат од оваа студија вклучуваат: (1) гаење на компаниска култура за работа од дома, (2) телекомутирањето да се понуди како опција, (3) флексибилни работни часови и поголема автономија, (4) комбинирани денови во канцеларија и работење од дома, (5) модерна технологија дополнета со поддршка и обуки, (6) одвоено место за работа (во домот) и граници помеѓу работата и приватноста и (7) зголемена поврзаност и соработка преку повеќе дигитални канали. Трудот има стручна и апликативна вредност за сите компании кои сакаат поуспешно да го применуваат работењето од дома тековно, но и по завршување на пандемијата.

– **Bezovski, Zlatko** and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) The Impact and the Potential Disruption of the Blockchain Technology on Marketing. Journal of Economics, 6 (1). pp. 13-23. ISSN 1857-9973 [**3**]

**Евалуација на трудот:** Авторите на оваа студија ги истражуваат потенцијалите на блокчејн технологијата да влијае на маркетингот или дури и да ги наруши воспоставените односи и практики во оваа индустрија. Маркетинг областите кои може да бидат засегнати од воведувањето и прифаќањето на блокчејн технологијата вклучуваат: креирање на нови производи и услуги, зголемување на довербата и транспарентноста, елиминирање на посредниците, зголемена приватност и сопственост над податоците, дигитален идентитет, управување на релациите со клиентите, програми за лојалност, рекламирање, борба против измами со кликови, управување со синџирот на снабдување и сл. Како што наведуваат авторите, бидејќи примената на оваа технологија во маркетингот е нова, најчесто концептуална, не осозреана и сѐ уште во развој, се очекува суштинските промени да се случуваат во годините кои следуваат. Сепак, веќе постојат ветувачки проекти кои имаат потенцијал да ги променат нештата во маркетингот и да овозможат предност на тие компании коишто започнат први со примена. Трудот има стручна и апликативна вредност за потенцијалните пионери во маркетинг индустријата.

– **Bezovski, Zlatko** and Janevski, Zoran and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) From traditional to online methods for generating business ideas. Management Dynamics in the Knowledge Economy, 9 (3). pp. 307-329. ISSN 2392-8042 [**4**]

**Евалуација на трудот:** Развојот на информациската и комуникациската технологија (ИКТ) отвора нови можности за генерирање и прибирање на бизнис идеи од страна на претприемачите и компаниите. Целта на овој труд, преку вклучување и на онлајн методите, е да помогне во подобрување на процесот на откривање нови бизнис идеи од практична гледна точка, но и да ја надополни постоечката академска литература за ова проблематика која не е доволно истражена. Главните резултати на овој труд вклучуваат (1) идентификување и класифицирана на изворите на бизнис идеи, (2) објаснување на традиционалните

методи за генерирање бизнис идеи преку нивните главни карактеристики (со цел да се поврзат со онлајн методите) и (3) идентификување и елаборирање на постоечките онлајн изври и методи за генерирање на бизнис идеи. Придонесот на овој труд се огледа во тоа што на бизнисите и претприемачите им помага во процесот на генерирање идеи низ еден систематски пристап со примена и на традиционални и на онлајн методи. Дополнително ја обогатува постоечката академска литература која недоволно ги обработува темите за примена на онлајн методите за генерирање на идеи.

– **Bezovski, Zlatko** and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila (2021) Current adoption state of cryptocurrencies as an electronic payment method. Management Reseach and Practice, 13 (1). pp. 44-50. ISSN 2067-2462 [**5**]

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е да ја истражи тековната примена (во светски рамки) на крипто-валутите како електронски метод на плаќање за понатаму да послужи како основа за спроведување на дополнителни истражувања за оваа ветувачка метода за електронски плаќања. Степенот на прифатеноста на крипто-валутите се проценува преку бројот на сопственици на крипто-валути, постоечки услужни сервиси (компани), трговци кои прифаќаат крипто-валути, количина на трансакции и (поволна) легислатива ширум светот. И покрај евидентниот раст во однос на сите параметри, авторите заклучуваат дека со учество во помалку од 1% од сите електронски трансакции примената на крипто-валутите е сè уште минорна. Дополнително, легислативата која генерално ги прифаќа крипто-валутите како средства за инвестирање не е поволна во однос на нивното прифаќање за електронските плаќања. Академскиот придонес на трудот најмногу се огледа во одредување на насоките за идни истражувања за оваа проблематика која се очекува да има сè поголема видливост и помеѓу истражувачите, но и помеѓу креаторите на национални монетарни и финансиски политики.

– **Bezovski, Zlatko** and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila (2021) Main Issues for Adoption of Cryptocurrencies as Payment Means. KNOWLEDGE - International Journal (KIJ), 48 (1). pp. 53-58. ISSN 1857-923X [**6**]

**Евалуација на трудот:** Оваа студија се фокусира на факторите кои го поттикнуваат и/или лимитираат прифаќањето на клиптовалутите (како што е Биткоин) како средство за електронско плаќање покрај другите доминантни методи како што се дигиталните паричници, банкарските картички, банкарските трансфери, па дури и плаќањето во готово при испорака. Резултатите од истражувањето укажуваат дека одредени бариери треба да се надминат со цел да се постигне поголемо прифаќање на крипто валутите во електронските плаќања. Посочените клучни бариери се: голема променливост/валотилност на вредноста на крипто валутите и неповолната легислатива на светско ниво. Дополнителните предизвици, кои се главно од техничка природа, вклучуваат децентрализација, доверба, безбедност, провизии, брзина на трансакциите, раст на мрежите, интероперабилност и особено потрошувачката на енергија. Трудот има стручна и апликативна важност како за понатамошни истражувања така и за девелоперите, пропонентите и креаторите на национални политики поврзани со крипто валутите.

***Останати референтни трудови:***

– Temjanovski, Riste and **Bezovski, Zlatko** and Jovanov, Tamara (2021) Internet of Things (IOT) and Blockchain technology in supply chain ecosystem. Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787 [**7**]
– Jovanov, Tamara and **Bezovski, Zlatko** and Temjanovski, Riste (2021) Market(ing) testing as a base for minimization of the business risk. Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787 [**8**]
– Jovanov, Tamara and **Bezovski, Zlatko** (2020) An insight into the content of the marketing plan as a guide for business operations. Macedonian International Journal of Marketing, 6 (12). pp. 7-16. ISSN 1857-9787 [**9**]
– Jovanov, Tamara and **Bezovski, Zlatko** and Temjanovski, Riste (2020) Значење на маркетинг планот за успешно деловно работење. Macedonian International Journal of Marketing, 6 (11). pp. 131-137. ISSN 1857-9787 [**10**]

- Temjanovski, Riste and **Bezovski, Zlatko** (2020) How IT can add Value to logistic sector: Bar code systems and RFID (radio frequency identification) in logistics services. Journal of Economics, 5 (2). pp. 47-56. ISSN 1857-997 [**11**]
- Temjanovski, Riste and **Bezovski, Zlatko** and Jovanov, Tamara (2021) Cloud computing in logistic and Supply Chain Management environment. Journal of Economics, 6 (1). pp. 23-33. ISSN 1857-9973 [**12**]
- Temjanovski, Riste and **Bezovski, Zlatko** and Arsova, Monika and Sofijanova, Elenica (2021) Circular Economy, resources and environmental metabolism. Journal of Economics, 6 (2). pp. 22-36. ISSN 1857-9973 [**13**]

***Одржано предавање по покана од научна институција:***

- Guest Lecturing at INCAE Business School - Costa Rica, 27 Jan 2021 „Holistic Online Marketing Strategies: Inbound Marketing + SEO". Online. Bezovski, Zlatko (2021) [**14**]

***Учество во научен проект:***

- Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување (2021). **Научен проект + Меѓународна конференција** , Тим: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and **Bezovski, Zlatko** and Mitreva, Mila [**15**]

***Член на уредувачки одбор:***

- Yearbook - Faculty of Economics (2018, 2019, 2020) [**16**]

***Скрипта и практикум:***

- **Е-бизнис - скрипта**. Бежовски, Златко (2020) (https://e-lib.ugd.edu.mk/907)

Скриптата по Е-бизнис од кандидатот д-р Златко Бежовски претставува учебно помагало за студенти на прв циклус студии. Скриптата ги обработува основните концепти во е-бизнисот што на студентите ќе им овозможи да осознаат што всушност претставува е-бизнисот, како истиот функционира и како бизнисите имаат или може да имаат корист од неговата примена. Во скриптата е претставен и модел за изградба на успешен електронски бизнис. Понатаму, детално е разработен концептот на интернет маркетинг како исклучително значајна компонента на секој онлајн бизнис. На крајот во скриптата е образложена состојбата со примената на електронскиот бизнис во нашата држава и се даваат насоки и визии како да се надминат пречките и бариерите за негова успешна имплементација од страна на компаниите и претприемачите. Сè на сè, станува збор за солидно учебно помагало, концепциски соодветно организирано со јазик лесен и разбирлив за студентите од првиот циклус студии за кои е наменет.

- **Е-бизнис - практикум**. Бежовски, Златко (2020) (https://e-lib.ugd.edu.mk/908)

Практикумот Е-бизнис е замислен како помошно учебно помагало за предметот Е-бизнис. Истиот содржи бројни практични примери за успешни интернет бизниси со детална разработка на нивниот бизнис модел. На пример, тука се вклучени студи на случај за: DELL компјутери, Amazon.com, eBay.com PriceLine.com, Procter & Gamble итн. Покрај странските, вклучени се и примери за две македонски компании кои остваруваат успешни онлајн бизниси, а тоа се Dryicons.com, сајт за бесплатни веб икони на фирмата Работилница од Струмица и Мобилната апликација за спортисти и рекреативци SportyPal.com креација на фирмата КриејшнПал од Скопје. Практикумот, исто така, содржи низа вежби чија цел е креирање и промоција на веб-сајт (замислено како проектна задача) со чија помош студентите и практично ќе навлезат во електронското работење односно во започнувањето на сопствен онлајн бизнис.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Покрај научноистражувачката работа кандидатот пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија кои воедно имаат и повратен ефект на нивна примена во наставниот процес. Воедно учествува и во факултетски тела и комисии.

***Стручна монографија:***

– **Bezovski, Zlatko** (2021) Online Business Startup Guide (Part 1). (Нерецензирана) https://www.amazon.com/dp/B08YFMZVNM Опис: Стручен текст наменет за почетници и сите други кои сакаат да започнат онлајн бизнис, чекор по чекор. [**17**]

***Автор/уредник на (стручно-популарен) веб-сајт:***

– Biizly.com – Online Business Startup Guide, **Bezovski, Zlatko** (Главен и одговорен уредник, како и автор на повеќе статии) Период: 2017 – тековно.

***Стручно-апликативни проекти:***

– **„Биди претприемач" - Глобална недела на претприемништвото, (2021).**

Опис: Тридневен хибриден настан (со физичко или онлајн учество) за поттикнување на средношколците и студентите да создадат претприемачки менталитет со цел активно да се впуштат во креирање на можности за самовработување и создавање на нови и брзорастечки бизниси Тим: **Раководител: Bezovski, Zlatko** Членови: Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Temjanovski, Riste [**18**]

– **Global Entrepreneurship Week: The Entrepreneurship as a Challenge for the new Generations.** (2020)

Опис: Онлајн настан наменет за студентите на Економски факултет – Штип како дел од Глобалната недела на претприемништвото 2020 Тим: Jovanov, Tamara and **Bezovski, Zlatko** and Veselinova, Elena [**19**].

***Останати активности***

Меѓу останатите активности на кандидатот д-р Златко Бежовски кои се вбројуваат во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност ќе ги издвоиме следниве:

– Изработка на Елаборатот за наставна програма МБА (двогодишна) во 2020/2021 година [**20**] и учество во изработка на елаборати за додипломски студии во 2019/2020 [**21**];
– Член на уписните комисии на Економски факултет – Штип за уписите во 2017, 2018 и 2019 година [**22, 23, 24**];
– Претседател на Пописна комисија на објектот на Економски факултет – Штип за 2020 год. [**25**];
– Член на Комисија за самоевалуација - 2021 год. [**26**].

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на доставената документација од единствениот пријавен кандидат доц. д-р Златко Бежовски, Комисија констатира дека кандидатот д-р Златко Бежовски ги исполнува потребните законски услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор во областа е-бизнис. Имено, кандидатот е доктор на економски науки во соодветната научна област, го има потребниот просечен успех на прв и втор циклус студии, како и потребните минимум 5 трудови во референтни научни списанија и/или публикации. Исто така, кандидатот претходно е избран за доцент на Економски факултет (УГД) - Штип и поседува докажана способност за изведување на високообразовна дејност.

Покрај општите законски услови, кандидатот ги исполнува и предвидените посебни услови за избор во наставно-научно звање за научната област е-бизнис и се одликува со високи афинитети и солидни постигнувања во наставната дејност, научноистражувачка работа, како и стручно-апликативна примена на научните резултати. Д-р Златко Бежовски веќе 11 години работи во високото образование од кои 6 како асистент и 5 како доцент на Економскиот факултет во Штип, период во кој активно придонесува во наставниот процес и научноистражувачката работа на оваа институција, а дава придонес и во оспособувањето на помлади соработници. Во својата академска кариера кандидатот објавува бројни научни и стручни публикации, учествува на домашни и меѓународни конференции, остварува релевантен студиски престој во САД и учествува во повеќе научни и стручно-апликативни проекти. Сето ова недвосмислено говори во прилог на квалитетите на д-р Златко Бежовски како наставно-научен работник.

Според табелата со која се бодуваат целокупните активности на кандидатот за избор во звање (дадена во прилог), д-р Златко Бежовски ги постигнува следните резултати: наставно-образовна дејност (НО) = 30 поени; научноистражувачка дејност (НИ) = 94,5 поени; стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 34 поени, односно вкупно (НО+НИ+САОР) = 158,5 поени, со што го надминува потребниот број на предвидени минимум поени (75) за избор во звање вонреден професор.

Поаѓајќи од изнесеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го избере доц. д-р Златко Бежовски во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната областа е-бизнис.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Сашо Јосимовски,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Зоран Јаневски,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Тамара Јованов-Апасиева,** вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4. | Избор во звање доцент [1] | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) [2-6] | 3 | 9 | 2 | 9 | 45 |
| **4.б.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) [7-13] | 7 | 6 | | | 42 |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција [14] | | | 1 | 3 | 3 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (усно), [2] | 1 | 1,5 | | | 1,5 |
| **14** | Учесник на научен проект [15] | 1 | 2 | | | 2 |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) [16] | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **94,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **4.** | Стручна монографија [17] | | | 1 | 10 | 10 |
| **13.** | Учесник во проект [18,19] | 2 | 5 | | | 10 |
| **17.** | Елаборати и експертизи [20,21] | 2 | 2 | | | 4 |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија [22-26] | 5 | 2 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **158,5** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА** | Гастрономските настани во руралните средини во Република Северна Македонија | 2102-98/8 од 2.4.2021 год. | Проф. д-р Дејан Методијевски | Младен Мицевски |